# РИМ – Нова Година 2026

**31.12.2025 – 04.01.2026 | 4 ноќи – 5 дена | Групно патување**

**Авионска програма – директен лет од Скопје ✈**





Главниот град на Италија и градот со неисцрпна инспирација на историчарите и љубителите на уметноста, го нарекуваат и "главен град на светот" (caput mundi), "вечниот град" (la citta eterna), градот на седум ридови (la citta dei sete colli) или апостолски праг "( limen apostolarum). Овој мегалополис ја чува најмалата град-држава во светот, суверената територија на Светата Столица - Ватикан. Рим е сместен на седум ридови (Капитол, Палатин, Авентин, Целиан, Есквилин, Виминал, Квиринал) и претставува неверојатна хармонија на историјата и архитектурата стари повеќе од три илјади години, па затоа е уникатен и неповторлив. Историјата на градот ја создадавале цареви, папи, кралеви и конзули, а обликот му го дале најдобрите архитекти и најголемите уметници. Рим, градот музеј, фасцинира со величествените антички споменици, познати замоци, плоштади, фасади и фонтани, а ние ќе сториме сé за да уживате во него.

| | |
|---|---|
| Авионски лет: | WIZZ AIR (Скопје – Рим – Скопје) |
| Поаѓање: | 31.12.2025 во 18:55ч. (Скопје) |
| Пристигнување: | 31.12.2025 во 20:45ч (Рим) |
| Услуга: | 4 ноќевања со појадок (4 BB) |
| Сместување | Хотел 3* |
| Друго вклучено: | Трансфери + Пратител + Разглед |
| Враќање во Скопје: | 04.01.2026 во 23:10ч. |

**1 ден. ( 31.12.2026 СРЕДА)** **СКОПЈЕ – РИМ**

Состанок на групата на Скопскиот аеродром во 16:55 часот. Лет за Рим W6 4757 во 18:55ч. Пристигнување во Рим во 20:45 часот. Трансфер до хотелот. Вечерта индивидуално дочек на Новата Година на некој од познатите плоштади на градот Рим. **Ноќевање**.

**2 ден ( 01.01.2025 ЧЕТВРТОК)** **РИМ (Панорамски Разглед)**

**Појадок.** Пешачки панорамски разглед (превоз со метро): разгледот започнува кај триумфалната порта на цар Константин, покрај Колосеумот, по улицата Фиори Империали каде ќе се запознаете со Римскиот форум и историјата на Рим во времето на античкиот и царскиот период. Разгледот продолжува кон плоштадот Кампидољо каде што се наоѓа најпознатиот музеј во Рим, општината на градот и седиштето на градоначалникот, дизајниран од Микеланџело. Продолжуваме покрај плоштадот Венеција, каде се наоѓа гробницата на незнајниот јунак во олтарот дела Патриа и споменикот на Виторио Емануеле II. Прошетка по познатата Виа Дел Корсо (најпознатата шопинг улица), посета на фонтаната di Trevi, пред да продолжите понатаму незаборавајте да фрлите паричка, за да го обезбедите вашето враќање во Вечниот град. Покрај познатите Шпански скали каде се наоѓа познатата фонтана дела Баркача од Бернини, разгледот завршува на плоштадот Пјаца дел Пополо, кој се наоѓа на северната порта на Аурелијанските ѕидини, во минатото низ порта Фламинија или Порта дел Пополо, патникот го имал првиот поглед кон Рим по пристигнувањето. **Ноќевање.**

**3 ден ( 02.01.2026 ПЕТОК)** **РИМ (Ватикан - Навона)**

**Појадок.** Факултативна посета на Ватикан, еден од најголемите музејски комплекси во светот каде се изложени многубројни уметнички дела собрани од Римокатоличката црква низ вековите. Основач е папата Јулиј II во 1506г. Посета на Сикстинската капела, Ватиканските музеи, Рафаеловите соби, црквата Св.Петар... По разгледот, препорачуваме прошетка покрај Замокот на Ангелите и преку Мостот на Ангелите до плоштадот Навона, изграден врз темелите на Стадионот на Доминицијан од 1ви век. Познат и како уметничка четврт на Рим, плоштадот Навона е гордоста на барокот на градот Рим со скулптури и архитектонски дела од Џан Лоренцо Бернини и познатата фонтана Fontana dei Quattro Fiumi. **Ноќевање**.

**4 ден ( 03.01.2026 САБОТА)** **РИМ (Тиволи)**

**Појадок**. Факултативна посета на местото Тиволи. Прекрасната Villa D'Este и нејзината градина се наоѓаат на листата на светското културно наследство под закрила на UNESCO. Со импресивните петстотини фонтани, нимфи, пештери, игри со вода и музика, претставува копиран модел на најпознатите Европски градини во маниристички и барок стил. Враќање во Рим. Вечерта препорачуваме прошетка низ познатиот боемски кварт Трастевере: Црквата Св.Марија, посета на единствениот остров на Тибар, каде во минатото се појавила и првата Римска Населба. **Ноќевање**.

**5 ден ( 04.01.2026 НЕДЕЛА)** **РИМ – СКОПЈЕ**

**Појадок.** Можност за факултативна прошетка низ Рим со метро и посета на катедралата Сан Џовани Латерано (поранешната претстолнина на Ватикан), базиликата Санта Марија Маџоре, црквата Сан Пјетро ин Винколи и една од најпознатите скулптури на Микеланџело - Мојсије, прошетката продолжува покрај Колосеумот (мала пауза за фотографирање) до црквата Сан Клементе каде ќе ги посетиме капелата и гробот на Св. Кирил, во долниот дел на црквата се наоѓаат едни од поважните археолошки ископини, каде ќе имате можност да видите оригинален пагански олтар од 1в.н.е. Враќање до хотел. Трансфер до аеродромот во Рим во 18:00ч. Лет за Скопје во 21:30ч.

| РИМ<br>АВИОНСКА ПРОГРАМА<br>Нова Година 2026 | ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ | 31.12.2025 – 04.01.2026 |
|---|---|---|
| | УСЛУГИ | 4 BB (Ноќевање со појадок) |
| | НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ | 4Н / 5Д |
| Цена по лице во двокреветна соба – “BASIC” ПАКЕТ<br>(вклучени 1 разглед – панорамски) | | Редовна: 619€ / 38.378 мкд<br>Early Booking: 559€ / 34.658 мкд |
| Цена по лице во двокреветна соба – “SUPERIOR” ПАКЕТ<br>(вклучени 3 разгледи) | | Редовна: 699€ / 43.338 мкд<br>Early Booking: 639€ / 39.618 мкд |
| Цена по лице во двокреветна соба – “PREMIUM” ПАКЕТ<br>(вклучени 4 разгледи) | | Редовна: 769€ / 47.678 мкд<br>Early Booking: 709€ / 43.958 мкд |

| РАЗГЛЕДИ И ПОСЕТИ | BASIC | SUPERIOR | PREMIUM |
|---|---|---|---|
| Организиран пешачки панорамски разглед на Рим (**со метро**) | ***Вклучено*** | ***Вклучено*** | ***Вклучено*** |
| Посета на римокатоличките катедрали и гробот на Св.Кирил со вклучена влезница и **метро** карта. | **20€** доплата | ***Вклучено*** | ***Вклучено*** |
| Посета на Ватикан (**со метро**): резервација, слушалки, локален водич и влезница. | **70€** доплата | ***Вклучено*** | ***Вклучено*** |
| Посета на Тиволи со **јавен превоз**, резервација, локален водич, слушалки и влезница во Вила Д'Есте. | **75€ доплата** | **75€ доплата** | ***Вклучено*** |

**Во цената е вклучено:**

- ✓ Авионски превоз на релација: Скопје - Рим - Скопје (со Wizz Air) со вклучени аеродромски такси
- ✓ Сместување, Хотел 3* во Рим , на база 4 ноќевања со појадок
- ✓ Панорамски разглед на градот Рим со локален водич
- ✓ Рачна торба (20x40x30cm), до 8кг.
- ✓ Организирани трансфери во Рим: аеродром - хотел - аеродром
- ✓ Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**Во цената не е вклучено:**

- × Здравствено - патничко осигурување околу 220 мкд
- × Туристичка такса: Хотел 3* - 6 € или Хотел 4* - 7,5 € по лице / ноќевање, се наплатува на рецепција
- × Wizz Priority со голема кабинска торба 55*40*23cm до 10кг
- × Пријавен багаж до 20кг – информација во агенција
- × Пријавен багаж до 32кг – информација во агенција
- × Доплата за седишта еден до друг – информација во агенција
- × Доплата за 1/1 соба – 190 €
- × Билети за превоз со метро 2 € по правец / 9,5 € дневен билет
- × Влезници за културно-историските споменици

**Забелешки:**

- Организатор на ова патување е друга агенција, партнер на Аурора Турс.
- **За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 20 патници.** Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- Минимален број за реализација на факултативите по дадените цени во програмата е 15 патници, во спротивно цената може да биде соодветно корегирана.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот (авионските билети), да ја промени и цената на аранжманот.
- За оваа програма важат општите услови н патување